КОМОРА
НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02 - 210/4
27.02. 2019 год
СКОПЈЕ

27.02.2019 година

До: Претседателот и членовите на Надзорниот одбор на КОАИ

**ПРЕДМЕТ:** Одговор на укажувањата од извештајот од Надзорен одбор број 02-210 од 18.2.2019, записникот број 02-210/2 од 18.2.2019 и дополна на записник број 02-210/3 од 20.2.2019 година

Почитуван Претседател и членови на Надзорниот одбор на Комората,

Во врска со доставениот извештај, записник и дополна на записник за извршениот надзор од Надзорниот одбор (НО) на Комората, Ви доставуваме одговори на сите укажувања, по редослед како што се дадени во вашиот допис.

## 1. Извештај од Надзорен одбор од 18.2.2019

Благодариме за позитивниот извештај за материјалното и финансиско работење на Комората во 2018 година.

## 2. Записник од НО од 18.2.2019 и дополна на записник од 20.2.2019

### Точка 1 од записник, и точка 1, 2 и 3 од дополна на записник
### Укажување за навремена достава на материјали до Надзорен одбор

Прогрес извештајот за работата на Комората е доставен до Надзорниот одбор на 31 јануари 2019 година – 24 дена пред седницата на собранието на Комората. Во тој извештај се дадени скоро сите податоци за работата на Комората во 2018 година, и тоа: информација за донесениот тарифник во 2018, информација за сите одржани семинари за континуиран професионален развој во 2018 со листа на сите семинари, информација за растот на бројот на активни членови во Комората, информација за бројноста на членството по одделенија, информација за бројот на одржани седници на УО, бројот на одделенски состаноци во 2018, сумирана информација за сите одржани комисии за овластувања во 2018 од сите одделенија, број на одржани состаноци на стручни комисии во 2018, информација за донесените нови деловници и правилници во 2018, информација за позначајните проектни активности во 2018,

Комора
на овластени архитекти
и овластени инженери
на Република Македонија

ул. Партизански Одреди бр.29, Т.Ц. Буњаковец лок. 15 (2 кат)
389 2 3222356
contact@komoraoai.mk
www.komoraoai.mk

Шпаркасе Банка Скопје
# 250 001 002 332 248
# ЕДМБ 4030006621733

World Federation of Engineering Organizations
European Council of Engineers Chambers
ISO 9001 UKAS MANAGEMENT SYSTEMS

Комора
на овластени архитекти
и овластени инженери
на Република Македонија

ул. Партизански Одреди
бр.29, Т.Ц. Буњаковец
лок. 15 (2 кат)

389 2 3222356

contact@komoraoai.mk

www.komoraoai.mk

Шпаркасе Банка Скопје
# 250 001 002 332 248
# ЕДМБ 4030006621733

World Federation of Engineering Organizations

European Council of Engineers Chambers

ISO 9001
UKAS MANAGEMENT SYSTEMS
Member of DN Registrars (Holdings) Ltd

како и останати оперативни податоци, како на пример за бројот на посети на веб страната на Комората во 2018, број на процесирани решенија за престанок на членство итн.

Во тој прогрес извештај Ви посочивме дека до Комората сеуште не е доставен финансискиот извештај и завршна сметка од надворешното сметководство, и дека веднаш откако ќе го добиеме, и овој извештај ќе Ви биде доставен на увид.

Финансискиот извештај беше доставен до Комората од надворешното сметководство на 11 февруари во попладневните часови, и го доставивме на ваш увид и надзор на 12 февруари 2019. Ви посочивме и дека севкупните материјали од сите 16 седници на Управниот одбор во 2018 се отпечатени во една книга на записи и ставени на ваше располагање.

За наредната година, ќе се даде насока на одделенијата да ги достават своите извештаи и програми за работа заклучно со 31 декември, за да може да се сублимира и достави материјалот до НО кон средината на јануари. Во врска со финансискиот извештај, со оглед дека истиот не се изработува од органи и тела на Комората туку од надворешна сметководствена фирма, ќе ургираме да ни биде доставуван што е можно порано, но не можеме да гарантираме за рокот.

**Точка 2 од записник и точка 4 од дополна на записник**

**Достава на материјали до НО за состаноци на УО, и присуство на член на Надзорниот одбор на состаноците на Управниот одбор**

Дневниот ред за состаноците на Управниот одбор се поставува на веб страната на Комората во делот ОРГАНИ НА КОМОРАТА>УПРАВЕН ОДБОР, истиот ден кога се закажува седницата, (најмалку седум дена пред седницата) па истиот документ е видлив за сите членови на Надзорниот одбор, и за целото членство.

Во актите на Комората не е предвидено член на Надзорниот одбор да биде присутен на состаноци на Управниот одбор. Истовремено, не е вообичаена пракса органот кој ја контролира работата на УО да учествува во работата на истиот орган, или да врши кординција на работата на УО. Членови на Надзорниот одбор може да бидат поканувани на седници на УО, кога член(ови) на УО или Претседателот на Комората смета дека е потребно присуство. Истото правило постои гледајќи и од другата страна – Претседателот на Комората и/или членовите на УО, не присуствуваат на седниците на Надзорниот одбор, освен кога ќе бидат поканети од Претседателот на Надзорниот одбор.

**Точка 3 од записник и точка 5 од дополна на записник**
**Изготвување на акти од член 15 од Статутот на Комората**

Сите акти од членот 15 од Статутот на Комората се изготвени. Во прилог листа на сите акти од споменатиот член од Статутот на Комората:

| | |
|---|---|
| Донесува Деловник за работа на Управниот одбор; | Донесен, септ.2018 |
| Донесува Правилник за организација и систематизација на стручната служба | Донесен, 2016 |
| Предлага правилник за континуиран професионален развој и ја утврдува програмата за постојано стручно усовршување на архитектите и инженерите и го контролира нејзиното спроведување | Предложен и донесен од Собранието на Комората во 2016 |
| Донесува упатство за работа на комисиите кои вршат преглед на документацијата при издавање овластувања | Донесен, 2013 |
| Донесува правилник за мирување на членството во Комората | Донесен, 2013 |
| Донесува одлуки и правилници за работењето на Комисијата за решавање жалби од втор степен | Донесен, 2018 |
| Донесува одлуки за работењето на Дисциплинската комисија и Правилник за дисциплинска постапка во Комората | Донесен, 2015 |

Прегледани се повторно и сите други обврски предвидени во членот 15 од Статутот, и констатирано е дека сите обврски се уредно извршувани.

Колегијални поздрави,

Претседател на УО на Комората

Проф. д-р Миле Димитровски

Подготвил ДА/МД

Комора
на овластени архитекти
и овластени инженери
на Република Македонија

ул. Партизански Одреди
бр.29, Т.Ц. Буњаковец
лок. 15 (2 кат)

389 2 3222356

contact@komoraoai.mk

www.komoraoai.mk

Шпаркасе Банка Скопје
\# 250 001 002 332 248
\# ЕДМБ 4030006621733

World Federation of Engineering Organizations

European Council of Engineers Chambers

ISO 9001
UKAS MANAGEMENT SYSTEMS